Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 402/2024
Дата......28-02-2024..

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Чардаклија, Општина Штип.**

**Површината на планскиот опфат изнесува 207,73 ha, со капацитет до 250 MW.**

Планскиот опфат тангира опфати на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр:

- У57223 - за изградба на 110 kV подземен електричен (кабелски) вод и високонапонски надземен вод од ТС 20/110 kV "ФЕЦ Слатина" до ТС 400/110 kV "Штип", КО Криви Дол, КО Чардаклија, КО Сарчиево, КО Три Чешми вон град, Општина Штип.
- У47822 - со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 4/1 и КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип.
- У24623 - за површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панел за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1107, КП 1109, дел од КП 1108 и дел од КП 4/1 во КО Чардаклија, Општина Штип.
- У45722 - со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 1104/1, КП 1105, КП 1106, и дел од КП 4/1, КО Чардаклија, Општина Штип.
- У20623 - со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 196, КП 197, КП 198 и дел од КП 194, КО Чардаклија, Општина Штип.
- У29521 - за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 201, КП 202 и КП 203, КО Чардаклија, Општина Штип.
- У42622 - за поставување на среднонапонски 10(20) kV кабел, КО Чардаклија, Општина Штип.
- У31423 - со намена водови за пренос на електрична енергија за каблирање на 10(20) kV среднонапонски подземен кабелски вод, КО Штип 1, КО Чардаклија, Општина Штип.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- У05922 - за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панел за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 29/11, дел од КП 29/1, дел од КП 38/1, КО Чардаклија, Општина Штип.
- У05722 - за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 1 MW на КП 30/1, дел од КП 29/1, КО Чардаклија, Општина Штип.

  Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа опфат на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр:

  У01106 - за изградба на ДВ 400 kV Штип - Македонско Бурагрска граница:
- У06913 ПИ за реконструкција на ДВ 110 kV бр.116, "ТС Штип- ТС Пробиштип",
- У48222 - за површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панел за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1079/1, КП 1079/2, дел од КП 1078, дел од КП 1039/1 КО Чардаклија, Општина Штип.

  Низ планскиот опфат поминуваат траси на издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр:
- У07113 - ПИ за реконструкција на далекувод ТС Овче Поле - ТС Штип.
- У33908 - УП за изградба на 400 kV интерконективен далекувод ТС Штип - Македонско српска граница.
- У16811 - ПИ за изградба на инфраструктурни објекти (водовод, фекална и атмосферска канализација) надвор од ТИРЗ Штип.
- У 33510 - ПИ за изградба на автопат делница (граничен премин со Република Бугарија-Црна Скала), Делчево- Виница - Кочани-Штип-Велес.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. У59223** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Чардаклија, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Чардаклија, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Чардаклија има еден евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитет.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на орхеолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културно наследство "Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Чардаклија, Општина Штип**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерството за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), со постапка бр. 56866 од 09.11.2023 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Чардаклија, Општина Штип. Површината на планскиот опфат изнесува 207,73 ha, со капацитет до 250 MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Чардаклија, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 402/2024 од 23.02.2024 година.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk